Врз основа на член 18 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 150/11), претседателот на Република Македонија, донесе

***ОДЛУКА***

***за определување денови на единиците на Армијата на Република Македонија***

***Член1***

Со оваа Одлука се определуваат деновите на единиците на Армијата на Република Македонија (во натамошииот текст: Армијата), во зависност од рангот на единицата и тоа:

- ***17 октомври***, за ден на Здружената оперативна комаида, со традиции на денот на формирање на Штабот на Македонското (Кресненско) востаиие, 17 октомври 1878 година,
- ***15 април***, за ден на Командата за обука и доктрини, со традиции на денот кога е примен првиот регрут во редовите на Армијата, 15 април 1992 година,
- ***11 март***, за ден на Резервните сили на Армијата, со традиции на денот на преземање на првата караула на границите на Република Македониіа, 11 март 1992 година,
- ***2 април***, за ден на 1. Механизирана пешадиска бригада, со традиции на денот кога 1. Пешадиска бригада е трансформирана во 1. Механизирана пешадиска бригада, 2 април 2012 година,
- ***20 мај***, за ден на Бригада за логистичка поддршка, со традиции на денот на отпочнување на Разловечкото востаиие, 20 мај 1876 година,
- ***10 јуни***, за ден на Воздухопловна бригада, со традиции на денот првиот лет на Македонски воен екипаж на Военото в0здухопловство на Армијата, 10 јуни 1992 година,
- ***1 март***, за ден на Полкот за специјални операции, со традиција на денот кога е формирана првата специіална единица на Армиіата, 1 март 1994 година,
- ***26 февруари***, за ден на 1. Механизиран пешадиски баталјон, со традиции на денот на формирање на 3-та Македонска народноослободителна ударна бригада, 26 февруари 1944 година,
- ***17 септември***, за ден на 2. Механизиран пешадиски баталјон, со традиции на денот на формирање на 14-та Младинско македонска народноослободителна ударна бригада, 17 септември 1944 година,
- ***27 август***, за ден на 3. Механизиран пешадиски баталјон, со традиции на денот на формирање на 15-та Поречка ударна бригада, 27 август 1944 година,
- ***21 мај***, за ден на 4. Мехаиизиран пешадиски баталјон, со традиции на денот на формирање на Кичевско – Мавровскиот партизански одред, 21 мај 1943 година ,
- ***10 април***, за ден на Артилерискиот баталјон, со традиции на денот на формирање на 2. Мешовит артилериски полк, 10 април 1992 година,
- ***13 ноември***, за ден на Инжинериски баталіон, со традиции на денот на формирање на Инжинерискаta бригада на Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија, 13 ноември 1944 година,

- ***2 јуни***, за ден на Оклопниот баталјон, со традиции на денот на формирање на тенковскиот вод од родот на Оклопно механизираните единици, 2 јуни 1992 година,

-***15 октомври***, за деи на Баталјонот за воздухопловио набљудување и јавување, со традиции на денот кога е извршеио првото воздушио набљудување на едииицте на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македоиија, 15 октомври 1943 година,

- ***12 септември***, за ден на Баталјоиот за противвоздушна одбрана, со традиции на денот кога е лансирана првата противвоздушна ракета во Република Македонија, 12 септември 2008 година,

- ***21 декември***, за деи на Воено медициискиот центар, со традиции на денот кога е извршена промоција и свечено отворање на Воено медицинскиот центар како иајвисока медициска установа во Армијата, 21 декември 2о12 година,

- ***21 октомври***, за деи на Баталјоиот за врски, со традиции на деиот на формирање на одделението за врски при Главниот штаб на Народноослободителиата војска и Партизаиските одреди на Македонија, 21 октомври 1943 година,

- ***29 октомври***, за деи на Баталјонот на Воената полиција, со традиции на деиот кога на 29 октомври 1878 година во текот на Македонското (Креснеиско) востание е издадена иаредба за формирање на Воеиополициски началства на ослободеиата територија во Македонија,

- ***9 ноември***, за ден на Центарот за електронско извидување, со традиции на деиот на донесување на Одлуката на претседателот на Република Македонија за формирање на родот Електронско извидување и противелектронски дејства, 9 ноември 1995 година,

- ***11 ноември***, за ден на Баталјонот за почести, со традиции на денот на формирање на Првата македонско косовска и Првата македонска пролетерска народноослободителна ударна бригада, 11 ноември 1943 година,

- ***9 мај***, за деи на четата за Атомска, биолошка и хемиска одбраиа, со традиции на деиот на приемот на првата класа на регрути од родот АБХО, 9 мај 1992 година и

- ***26 мај***, за ден на Воена безбедност и разузнавање, со традиции на 26 мај 1903 година кога е донесена наредбата на Главииот штаб на Илиндеиското востание со која власта преминала од градските раководни тела иа горските, односио воеиите тела на Македонската револуционерна организација, а со која се даваат иуструкции за организирање на воена разузнавачка мрежа во градовите за потребите на востанието.

***Член2***

Со деиот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на ден на едииицте на Армијата на Република Македонија бр.о7-345/3 од 01.07.2014 година.

***Член3***

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.,

*Бр.*06-746/1
14.05. *2015година*
*Скопје*

***Претседател***
***на Република Македонија***
***д-р Ѓорге Иванов***

***Образложение***

Правен основ за донесување на предметната одлука е член 18 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 150/11), согласно кој во остварувањето на функциите од областа на одбраната, претседателот на Републиката и врховен командант на Армијата донесува подзаконски акти.

Во досегашниот период во сила е Одлуката за определување на ден на единиците на Армијата на Република Македонија бр.07-345/з од 01.07.2014 година, во која се определени деновите на единиците на Армијата како спомен на одбележување на традициите на значајните историски настани, врз кои се темелат основните вредности на Армијата.

Врз основа на извршените согледувања, констатирана е потребата за определување на нови соодветни денови на одредени единици на Армијата кои се од особено значење за истата, имено:

Досегашните искуства во Република Македонија Денот на Воената полиција и Денот на Воената безбедност и разузнавање се одбележуваа и прославуваа на ден 7 мај заедно со Денот на Полицијата односно со организациониот сегмент на Министерството за внатрешни работи.

Имајќи го предвид значењето и посебната улога што Воената полиција и Секторот-Служба за Воена безбедност и разузнавање го имаат во безбедносниот систем на Република Македонија како организациони единици на Армијата на Република Македонија, односно Министерството за одбрана, а врз основа на специфичноста и уникатноста на историскиот развој на Воената полиција и Воената безбедност и разузнавање кои се документирани со историски факти, **предлагаме да се востановат датумите на Воената полиција и Воената безбедност и разузнавање од следните причини:**

Како Ден на Воената полиција да се одбележува и прославува ден 29 октомври, во сеќавање на 29 октомври 1878 година кога во текот на Македонското (Кресненско) востание, е издадена наредба за формирање на Воениополициски началства на ослободената територија во Македонија. Наредбата е потпишана и заверена од Началникот на штабот на Македонското востание, Димитар Поп Георгиев Беровски. Дополнителен аргумент за определување на денот 29 октомври за Ден на Воената полиција е што Здружената оперативна команда во чиј состав влегува и Баталјонот на Воената полиција, согласно точка 1 од Одлуката на Претседателот на Република Македонија бр. 07-з45/з од 01.07.2014 година како свој ден го слави 17 октомври во сеќавање на денот кога е формиран Штабот на Македонското востание во 1878 година.

- Како Ден на Воената безбедност и разузнавање да се одбележува и прославува денот 26 мај во сеќавање на денот 26 мај 1903 година кога е донесена Наредба бр. 1 на Главниот штаб на Илинденското востание со која власта преминала од градските раководни тела на горските односно воените тела на Македонската револуционерна организација и со која наредба се даваат инструкции за организирање на воена разузнавачка мрежа во градовите за да служи за потребите на

Со цел прегледноста на постојната одлука и потребата од соодветна изменување и дополнување, изработен е целосно нов текст на предметната одлука со извршено нормативно правно уредување и номотехничко усогласување на истата, при што сметаме за потребно Одлуката да се донесе во предложениот текст.